# ПРЕЖИВЕАНИТЕ БОРЦИ ОД ГРАЃАНС

**"Грците нè нарекуваа Бугари. Сиромашните селани се надеваа дека во ЕЛАС и во ДАГ ќе ги добијат своите права. Токму затоа и масовно се приклучуваа во движењето", вели Ристо Менчев.**

Пишува: **Жаклина МИТЕВСКА**

# ГРЦИТЕ БАРАА СОЦИ НАЦИОНАЛНА РАМ

Некогашниот учесник во Граѓанската војна, дедо Ристо Менчев, е роден на 18 август 1928 година, во гратчето Гуменџе, Кукуш. До 1896 година, ова гратче било чисто македонско, односно сите 3.500 жители биле Македонци. Во текот на наредните години во него се доселиле Маџири од Мала Азија, Кавказ, така што се изменил етничкиот состав, па Македонците сочинувале две третини, Маџирите, или новодојдените, една третина од вкупното население. Тамошниот македонски народ бил угнетуван, а Македонците не можеле да го користат македонскиот јазик. Немале цркви, училишта, односно немале никакви права. Биле носени во заточение, во концентрациони логори. Менчев објаснува дека луѓето не можеле слободно да одат ниту на нива. Кога оделе на земјиштето за да го обработуваат, пред нив маршрала војската, а потоа се движеле селаните. Подоцна ним им бил конфискуван и имотот.

"Беа малтретирани - додава Менчев - само затоа што беа Македонци. Тоа особено се случуваше во време на диктатурата на Метаксас. Грците нè нарекуваа Бугари. Сиромашните селани се надеваа дека во ЕЛАС и во ДАГ ќе ги добијат своите права. Токму затоа и масовно се приклучуваа во движењето".

## ТАЈНИ КОМИТЕТИ

Пред да се формира Демократската армија на Грција, во селата и во градовите во Егејскиот дел на Македонија, во текот на 1945 година, постоеле комитети кои дејствувале илегално. Нашиот соговорник раскажува за тоа како во мај, во селото Крива, во заседа биле убиени 8 луѓе. Истото се случило и во ноември истата година кога од страна на грчките монархофашисти во селото Баровица, Гуменџе, биле убиени уште 8 лица.

Во август 1946 година Менчев му се приклучил на одредот на НОФ, во кој имало триесеттина лица, кои биле стационирани на Пајак Планина.

"Во ноември 1946 година нашите сили се обединија со Грците. Јас останав на Пајак Планина. Некои заминаа за стара Грција. Бев курир на Главниот штаб. Дејствував на потегот Пајак Планина, Кожув-Кајмакчалан. Грците се бореа за социјална слобода, а ние за национална. Грците бараа да бидат рамноправни во грчкиот Устав. А ние во континуитет ги продолживме идеалите на Гоцевата ВМРО. Всушност, и мојот татко беше стар Илинденец. Сиромашните селани веруваа во тие борби, беа во комунистичкото движење, во народноослободителната борба, во Граѓанската војна, и во тие рамки очекуваа да ги добијат своите права", вели Менчев.

Тој се сеќава дека битки се воделе во Војница, во Гуменџе. Таму немало фронт како на Грамос, Вичо, Преспа.

"Партизаните ќе удреа на Војница, па ќе се повлечеа на Пајак Планина. Удиравме и на Гуменџе. Таму беше грчката полиција, но гратчето не можевме да го држиме под контрола. За време на Граѓанската војна во Ениџе, Вардарско загинаа 300 луѓе. Жртви имаше и во Гуменџе".



ВО ВРЕМЕТО НА МЕТАКСАС МАКЕДОНЦИТЕ БЕА МАЛТРЕТИРАНИ САМО ЗАТОА ШТО БЕА МАКЕДОНЦИ, РИСТО МЕНЧЕВ

## КОНТАКТИ СО МЕСНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Курирската служба која ја извршувал нашиот соговорник, како што објаснува самиот, подразбирала собирање информации од воен карактер. Тие се однесувале на движењето, на контактите со месното население, а им помагал и на оние кои сакале да се вклучат во ДАГ.

**Македонскиот народ бил угнетуван, а Македонците не можеле да го користат македонскиот јазик. Немале цркви, училишта, воопшто немале никакви права. Тие биле носени во заточение, во концентрациони логори. Луѓето не можеле слободно да одат ниту на нива. Кога оделе на земјиштето за да го обработуваат, пред нив маршрала војската, а потоа се движеле селаните. Подоцна им бил конфискуван и имотот.**

# КАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА: РИСТО МЕНЧЕВ

**"Од Пајак Планина отидов на Каракамен Планина за да земам една чета. Додека се вратив поминаа два-три дена. Нашите водеа битка на Пајак Планина, но за тоа не ме известија. По битката се повлекле кај Гевгелија. Кога се вратив на познатото место, ме фати непријателот и така настрадав. Всушност, Демократската армија се повлече, а мене некој од ДАГ ме предал. Монархофашистите ги знаеја сите податоци за мене. Имено, кога се водеше борба, некои борци беа заробени и тие му даваа информации на непријателот. Тие знаеја многу повеќе за нашите команданти, за кои јас немав толку информации", вели Ристо Менчев.**



ВО ТЕКОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА РИСТО МЕНЧЕВ ИЗВРШУВАЛ КУРИРСКА ЗАДАЧА

Во текот на оваа служба, во април 1947 година бил фатен од страна на монархофашистите, потоа ослободен.

На Пајак Планина бил ранет.

"Од Пајак Планина отидов на Каракамен Планина за да земам една чета. Додека се вратив поминаа два-три дена. Нашите водеа битка на Пајак Планина, но за тоа не ме известија. По битката се повлекле кај Гевгелија. Кога се вратив на познатото место непријателот ме фати и така настрадав. Всушност, Демократската армија се повлече, а мене ме предал некој од ДАГ. Монархофашистите ги знаеја сите податоци за мене. Всушност, кога се водеше борба, некои од оние кои беа заробени му даваа информации на непријателот. Тие знаеја многу повеќе за нашите команданти, за кои јас немав толку информации", вели Менчев.

Во таа област имало и тајни пунктови на ДАГ, кои илегално одржувале контакти со другите земји. Со нивна помош Менчев бил префрлен во Катлановската болница.

"Оние кои ќе оздравеа ги враќаа на фронтот, а мене ме испратија во Романија. Таму бев учител во детскиот дом 'Турѓеш'. Децата учеа и на романски и на македонски јазик. Во Романија живеев 27 години. А во ноември 1976 година се вратив во Македонија", посочува Менчев.

Тој се потсетува и на моментот кога во 1947 година во Гевгелија дошла Бал-

# ЈАЛНА, А НИЕ НОПРАВНОСТ



УЧИТЕЛ ВО ДЕТСКИОТ ДОМ "ТУРЃЕШ" ВО РОМАНИЈА

**"Балканската комисија дојде во Гевгелија за да види што се случува со Граѓанската војна во Грција. Таа се интересираше за тоа кој ѝ доставува помош на ДАГ. Луѓето на ДАГ, прогонети од Егејскиот дел, кои беа сконцентрирани во Скопје и во Гевгелија, дојдоа на средбата. Од Комисијата ги побараа своите права. Тогашниот грчки премиер Садарис, кој беше дел од таа Комисија, им рече: 'Вие никогаш нема да ја видите Грција'. Претставници на таква Комисија отидоа и на Грамос".**

канската комисија, која всушност била на страната на монархофашистите.

"Комисијата дојде во Гевгелија за да види што се случува со Граѓанската војна во Грција. Таа се интересираше за тоа кој ѝ доставува помош на ДАГ. Луѓето на ДАГ, прогонети од Егејскиот дел, кои беа сконцентрирани во Скопје и во Гевгелија, дојдоа на средбата. Од Комисијата ги побараа своите права. Тогашниот грчки премиер Садарис, кој беше дел од таа Комисија, им рече: 'Вие никогаш нема да ја видите Грција'. Претставници на вакава Комисија отидоа и на Грамос", потенцира Менчев.